# Легнало лудо заспало




Легнало лудо заспало
сладок си сон сонувало ) 2п
за едно моме убаво
девојче, селанче ) 2п

На сон му дојде девојче
на бели гради легнало ) 2п
на сон му дојде убаво
девојче, селанче ) 2п

Десна му рака заспало
како куршумче тежеше ) 2п
како жарче жежеше
девојче, селанче ) 2п

Тргна се лудо разбуди
нема го моме крај него ) 2п
ај да се себе убодам
без мало девојче.